**20260150212**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи, што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 23 јануари 2026 година.

Бр. 08-524/1
23 јануари 2026 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Член 1

Во Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Северна Македонија" број 160/25), во член 32 став (1) во точката 1 по зборот „академија" се додаваат зборовите: „/началник на Оддел за внатрешни работи - Скопје".

Член 2

Во член 197 зборовите: „шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон" се заменуваат со зборовите: „до 15 март 2026 година".

Член 3

Во член 201 во ставот (1) зборовите: „денот на отпочнување на примената на овој закон" се заменуваат со зборовите: „1 јули 2026 година".

Член 4

Во член 202 во ставот (3) по зборовите: „по потреба на службата" се додаваат зборовите: „на видот".

Член 5

По членот 202 се додава нов член 202-а, кој гласи:

„Член 202-а

Спроведување на селекцијата, изборот, распоредувањето и унапредувањето на работниците во постапките утврдени во членовите 198, 199, 200, 201 и 202 од овој закон се врши согласно со членовите 31, 32, 37, 92, 93, 94, 95 став 1 точки 1 и 2, 96, 101, 102, 103, 104, 105, 106, 107 став (1) точка 1 и став (2), 108, 109, 112, 120, 121, 122, 124, 125 и 128 од овој закон.“.

Член 6

Во членот 205 зборовите: „а ќе започне да се применува по девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, освен одредбите на членовите 30, 31, 32, 33, 34, 35, 36, 37, 92, 93, 94, 95, 96, 97, 98, 99, 101, 102, 103, 104, 105, 106, 107, 108, 109, 112, 120, 121, 122, 123, 124, 125, 126, 127, 128, 198, 199, 200, 201 и 202 од овој закон, кои ќе започнат да се применуваат по шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон“ се заменуваат со зборовите: „а ќе започне да се применува од 1 јули 2026 година, освен одредбите на членовите 198, 199, 200, 201, 202 и 202-а од овој закон, кои ќе започнат да се применуваат од 15 март 2026 година“.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.